Бр./Nr 12-2450/1
20-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2845/1 од 27.10.2025 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата, заедно со прилозите, се доставува на надлежно постапување на Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2845/1 од 27.10.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, преку електронска пошта, на ден 27.10.2025 година, е поднесена пријава против службените лица проф.д-р ----- актуелен декан на ------- и проф.д-р -------- поранешен декан на истиот факултет и оформен е предмет број 12-2845/1 од 27.10.2025 година.

Во пријавата подносителот наведува дека наведените службените лица во периодот кога ја извршувале функцијата декан на -------, ја злоупотребиле својата службена положба и овластување спротивно на одредбите од Законот за високото образование, со тоа што оствариле за себе и за вработените на Правниот факултет противправна имотна корист и го оштетиле Буџетот на РСМ. Имено, посочените лица околу 80% од приходите, кои претежно се остварувале од партиципациите на студентите, ги користеле за исплати на додатоци на плати на вработените и функционални додатоци за нив и нивните продекани, со што ги злоупотребиле средствата уплатени од студентите и наместо најмалку 40% да ги вложат за развој на наставна, научно-истражувачка, односно уметничката дејност и мобилност, тие ги користеле за плати и функционални додатоци.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот, по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува и предметната пријава со прилозите ќе се достават на Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија за да го земе во предвид за ревизијата следната година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК